Изработил: Сезан Малик Таип

| Недела 1: Датум: број на час : 1 | | | ПРВО ПОЛУГОДИЕ Тема 1: 8.1 Сили и движење<br>Единица : Што прават силите | | | Одделение VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Ц/Г/И** | | |
| 15 мин | Знае да опишува ефекти од дејство на силите врз движењето, вклучувајќи триење и воздушен отпор | Можам да разговарам со учениците за терминот `` Физика `` .Да им дадам примери од секојдневниот живот поврзани со природата и природните појави. Можам да дискутирам со учениците за сила и движење | • Во парови учениците нека разговараат за тоа што подразбираат под терминот „Физика“. Забележете ги нивните одговори.<br><br>• Искористете ја активноста за да дознаете што знаат и разбираат учениците за силите и движењето. На пример, секој ученик може да направи мисловна мапа, која треба да ја зачува и да ја надополнува во текот на обработување на темата (пр. во 14 недела). Овие мапи може да се прегледаат повторно и да се искористат и во текот на часот за повторување. | П-Ц | Ова е можност да се објасни предметот физика и да се набројат областите од физиката за кои учениците претходно учеле.<br><br>Пример на играње пинг-понг: https://youtu.be/NodCOX6NwO0 | Прашања, одговор,дискусија |
| 15 мин | Дискутира објаснувања за резултати користејќи научно знаење и разбирање. | Можам да им покажам на учениците видео клипови кој ќе им помогне да стигнат до различни заклучоци за врската помеѓу силата и движењето .<br>Можам да правам | • Покажете видео клип на кој се игра пинг-понг. Учениците го гледаат клипот и запишуваат примери за сила.<br>Дискутирајте по однос на нивните идеи. Можеме ли да ја видиме | И-П | | Набљудување, дискусија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | различни видови демонстрации користејќи фудбалска топка .<br>Можам да ги поделам учениците во групи, да им дадам задача со чија помош ќе можат да ги разберат четрите набројани ефекти на силата | силата? Предложете уште подобро прашање'Можеме ли да ги видиме ефектите од силите?'<br>Објаснете дека силите не се видливи, но можеме да ги видиме нивните ефекти.<br><br>• Демонстрирајте им различни видови на сила преку користење на топка (пр. фудбалска). Побарајте некои од учениците да направат некоја од следниве активности: пуштање на топката да падне, шутирање на топката, згмечување, фаќање на топка, водење на топката со глава, одбивање на топката, итн. За секоја од овие активности, дискутирајте ги ефектите од силата. Посочете дека силите можат да ја променат состојбата на движење на предметите (да ги придвижат, да ги застанат, да ја променат брзината или насоката) или да го променат обликот на некој предмет.<br><br>• Во групи, учениците нека одберат пет спорта. За секој спорт, нека дадат примери за четирите набројани ефекти на силите. Дискутирајте за добиените одговори. | Г=3 | Топка или топче (пр. за тенис, за фудбал, топче од сунѓер, меко поголемо топче). | Серија демонстрации со топка или топче |
| 10 мин | Јасно ги споделува со | Можам да извлечам | Заклучете дека силите не се | | | Набљудување, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | другите . Извлекува заклучоци | заклучок од демонстрациите | видливи и за нив сведочат нивните ефекти. Тие може да ја променат состојбата на предметот (на пр. да почне или да запре со движење, да промени брзина или насока) или да го промени обликот. | И | Учениците може самите да одберат спорт или да изберат од понуденото: одбојка, борење, пливање, скокање банци, падобранство, велосипедизам, кошарка, тенис, ракомет, боб санки, сурфање на ветер, скијање, мечувалство, фудбал, итн. | дискусија,заклучоци |

| **Организација** Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен **( поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување/ домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| На учениците на кои им е потребен поголем предизвик може да им се зададе задача да направат истражување за ефектите на силите врз движењто . | Работен лист за проширување на знаењата на учениците<br><br>Домашна задача : да се одговорат прашањата (пр. Од учебникот или работниот лист )<br><br>Ц-цело одд<br>Г-групна работа<br>И- ндивидуална | Сила , облик, движење |

Изработил: Сезан Малик Таип



**ШТО ПРАВАТ СИЛИТЕ**

**Работен лист :**

1. **Што се подразбира под терминот физика ?**
2. **Што е сила ?**
3. **Да се пополни :**




4. **Дали силата може да ја промени брзината на движењто на телата ?**
5. **Да се објасни ефектот на силата во долу наведените слики :**





